السنّة النبوية وعلومها
www.sunnah.global

# „Додека одев, слушнав глас од небото, па го подигнав својот поглед и го видов истиот мелек што ми дојде кај Хира

Ебу Селеме бин Абдурахман пренесува дека Џабир бин Абдулах ел-Енсари, Аллах нека е задоволен со обајцата, раскажувајќи за периодот на прекинот на објавата, Пратеникот рекол: „Додека одев, слушнав глас од небото, па го подигнав својот поглед и го видов истиот мелек што ми дојде кај Хира – седеше на престол меѓу небото и Земјата. Се исплашив од него и се вратив, велејќи: ‚Покријте ме, покријте ме!‘ Тогаш Возвишениот Аллах објави: ‚О, ти покриен! Стани и опоменувај!‘ (ел-Мудесир: 1–2), сè до Неговите зборови: ‚И стој настрана од идолите!‘ (ел-Мудесир: 5). Така објавата почна повторно и продолжи да доаѓа постојано.“

[صحيح] [متفق عليه]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, раскажувајќи за прекинот на објавата на почетокот од неговата мисија, рекол: „Додека одев по улиците на Мека, слушнав глас од небото. Го подигнав погледот и го видов мелекот Џибрил – истиот оној што ми дојде во пештерата Хира – седеше на престол меѓу небото и земјата. Се исплашив и се вратив кај своето семејство, велејќи: ‚Завиткајте ме во облека!‘. Тогаш Возвишениот Аллах објави: „О, ти покриен!“ - завиткан во облека, – „Стани и опоменувај!“ – т.е. стани, повикувај кон верата и предупреди ги оние што не веруваат. „И Господарот свој" – Кого Го обожуваш, – „величај Го!“ – величај Го и фали Го само Него. „И облеката своја исчисти ја!“ – чувај ја од нечистотија. „И стој настрана од идолите!“ – целосно избегнувај ги. По ова објавата повторно започна и продолжи да доаѓа редовно.“

https://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/66304

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee